АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 01-26/1
12.01. 2024
СКОПЈЕ

Q4

Четврти квартален Извештај за спроведување на Годишната Програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година

[Стручна служба на Агенцијата за пошти]
Јануари, 2024 година

„Согласно член 19 став 3 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10, 27/14, 42/14, 187/14, 146/15, 31/16, 190/16, 64/18, 248/2018, бр.27/2019 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/2019, бр.150/2021 и 227/2022), директорот на Агенцијата за пошти има обврска да ѝ поднесува на Комисијата квартални извештаи за спроведување на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година“

СОДРЖИНА

1. Легислатива 4
2. Управни постапки 6
3. Лиценцирање 7
4. Конкуренција во поштенскиот сектор 12
5. Регистар на даватели на поштенски услуги 13
6. Постапки за присилно извршување 16
7. Судски постапки 20
8. Надзор 22
9. Заштита на правата на корисниците 25
10. Анализа на пазарот 30
11. Соработка 33
12. Јакнење на институционалните капацитети 34
13. Јавни набавки 39
14. Транспарентност 40
15. Реализација на Финансискиот План за 2023 година 45

ЧЕТВРТИ КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2023 ГОДИНА

Во периодот од октомври, ноември и декември 2023 година (во натамошниот текст: четврт квартал) беа реализирани следните активности кои се предвидени во Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година бр.01-249/5 од 28.11.2022 година.

1. Легислатива

1.1. Општи акти на Агенцијата

Во четвртиот квартал Агенцијата за пошти ги донесе следните подзаконски и општи правни акти:

1. **Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2024 и Финансиски план на Агенцијата за пошти за 2024 година бр.01-246/6 од 27.11.2023 година;**
2. **Годишна програма за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2024 година бр.01-276/1 од 20.12.2023 година;**
3. **Годипна програма за генерички и специјализирани обуки за вработените во Агенцијата за пошти за 2024 година бр.04-259/1 од 07.12.2023 година:**
4. **Годишен план за обуки на вработените во Агенција за пошти;**
5. **Годишен извештај за реализирани обуки за 2023 година бр.04-281/1 од 28.12.2023 година;**
6. **Извештај за спроведени јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за пошти бр. 05- 267/1 од 20.12.2023 година;**
7. **Правилник за критериумите за пристап до универзалната услуга, со утврдување на подрачјата на единиците на мрежата, на растојание меѓу поштенските единици и број на поштенски сандачиња бр. 02 – 246/9 од 27.11.2023 година;**
8. **Измена и дополнување на Планот за јавни набавки на Агенција за пошти за 2023 година;**
9. **Трет Квартален Извештај за спроведување на Годишната Програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година,**
10. **Годишен извештај за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2023 година бр.01-275/1 од 27.12.2023 година.**

1.2. Закон за поштенските услуги

Започнатите активности во декември 2022 година за измена и дополнување на Законот за поштенските услуги (во натамошниот текст:ЗПУ) завршија во четвртиот квартал од 2023 година. Со измените на Законот се доуреди делот за отчетност на Агенцијата, финансирањето на Агенцијата за пошти, како и усогласување на националното законодавство со acquis, вклучувајќи ја и Регулативата за меѓународна достава на пакети 2018/644 на ЕУ.

Нацрт - текстот на ЗПУ беше доставен до Министерството за транспорт и врски на натамошна постапка и надлежност.

1.3. Измена и дополнување на Колективниот договор на Агенцијата за пошти

На 29.09.2023 година директорката на Агенција за пошти и претседателката на Синдикалната организација на Агенција за пошти потпишаа Колективен договор за измена и дополнување на Колективниот договор на Агенцијата за пошти бр. 01-195/1 0д 29.09.2023 година. Измените се во делот на бодови за плата, односно зголемување за секое од нивоата и категории на работни места во Стручната служба на Агенцијата. Измените и дополнувањата на Колективниот договор започнаа со примена со исплата на платата за месец октомври 2023 година.

1.4. Иницијатива за формирање на Технички комитет за поштенски услуги

Агенцијата за пошти изработи и достави до Институтот за стандардизација **Предлог Иницијатива за формирање на Технички комитет за поштенски услуги**. Техничкиот Комитет ќе биде надлежен за донесување и усвојување на национални стандарди, следење и учество во работата на европските технички комитети (CEN) и ќе дава предлози и мислења при подготовка на нови стандарди или измена на веќе постоечките од областа на поштенските услуги. Согласно законските рокови и процедури во следните

месеци се очекува добивање на согласност за започнување со работа на Техничкиот Комитет.

1.5. Систем на управување со квалитет

Во извештајниот период, активностите на Агенцијата за пошти беа проверени согласно барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2015 со што се потврди дека институцијата ги исполнува барањата на соодветниот стандард и очекуваните резултати во врска со исполнувањето на барањата на клиентите и релевантни закони и прописи, со цел да се зголеми задоволството на клиентите, процесите на интерната проверка и преиспитувањето на раководството.

Усогласеноста на системот за управување беше потврдена преку извршената проверка од страна на сертификациското тело ИНТЕРЦЕРТ ДООЕЛ Скопје.

2. Управни постапки

Во текот на четвртиот квартал, Агенцијата за пошти постапуваше по **14 управни предмети** од нејзина надлежност, од кои 4 предмети беа пренесени од претходниот квартал. Постапките по **12** предмети беа завршени во четвртиот квартал, додека постапките за **2** предмети продолжуваат во следниот квартал.

Дел од постапките, односно **7 управни предмети беа поведени по службена должност** од страна на Агенцијата, и тоа:

- 2 вонредени надзори;
- 2 вонредни надзори;
- 1 предмет во постапка за лиценцирање;
- 1п редмет за утврдување на годишен надоместок на давател на поштенски услуги;
- 1 предмет од судска прекршочна постапка по спроведен вонреден надзор од 2020 година за Локал Пост- презаверен во 2023 година.

По барање од странки се постапуваше во 7 постапки, и тоа:

- 4 предмети во постапка за лиценцирање -по примени 3 Нотификации за промена со обезбедување поштенски услуги и 1 Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги, и
- 3 предмети во постапки по управни приговори.

Слика бр.1 Број на управни предмети по кој се постапуваше во четвртиот квартал од 2023 година

2.3. Заклучоци за бројот на поени за пресметување на годишен надоместок

Во текот на 2023 година тековно беа издадени 2 заклучоци за бројот на поени за поштенските услуги за годишен надоместок за 2023 година- за нови даватели кои за прв пат се стекнааа со Општо овластување за обезбедување поштенски услуги во 2023 година (ТЕЛКО ИНВЕСТМЕНТ ГРУП ДООЕЛ Прилеп и БОХ ПОСТ ДОО Скопје).

По спроведените активности и постапки беа издадени вкупно 34 заклучоци за бројот на поени за давателите на поштенските услуги кои служат за пресметување на годишниот надоместок за 2024 година, и истите беа доставени до давателите на поштенски услуги по пошта со препорачана пратка на 31.10.2023 година. Во кварталниот период беше издадена и 1 измена и дополнување на заклучок за бројот на поени за поштенските услуги за постоен давател кој доби Општо овластување и за меѓународен поштенски сообраќај во месец ноември (ЕУРО ЕНЕРГИ ДОО -Подружница ЕУРО КАРГО Тетово).

Во четвртиот квартал беше изготвен Извештај со збирен преглед на доставените извештаи од давателите на поштенски услуги, со податоци за обемот на остварени поштенски услуги и соодветно на тоа беа пресметани поени за секој од давателите согласно издадените Заклучоци бр.03-17/35 од 31.10.2023 година (изменет и конечен на 21.11.2023 година). Вкупниот број на поени на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија, прикажан и во Извештајот за бројот на поени изнесува **53.095 поени**.

За споредба, во 2022 година, вкупниот број на поени изнесуваше 53.280.

Врз основа на поединечно утврдениот број на поени за секој од давателите, во текот на месец ноември беше изготвена Предлог - Одлука за определување на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок за 2024 година, чие што донесување е во надлежност на Комисијата на Агенцијата за пошти. Одлуката за определување на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок за 2024 година бр. 02-246/8, Комисијата на Агенцијата ја донесе на 27.11.2023 година. Вредноста на поенот за 2024 година изнесува **508,5224 денари.**

За споредба, вредноста на поенот за 2023 година изнесуваше 469,2192 денари.

2.4. Управна евиденција

Во извештајниот период Агенцијата немаше обврска за поднесување на Извештај за управна евиденција до Државен управен инспекторат.

2.5. Финансирање на работата на Агенцијата за пошти - Годишен надоместок за 2023 година

Во овој квартал 2 даватели на поштенски услуги во целост ги исплатија своите парични обврски кон Агенцијата по основ на издадени Решенија за годишен надоместок во 2023 година.

Давателот на универзална услуга АД „Пошта на Северна Македонија“ во овој квартал уплати дел од надоместокот за 2023 година во износ од 5.000.000, оо денари, од вкупниот долг по решение кој изнесува 23.460.960 денари.

Заклучно со 31.12.2023 година, АД „Пошта на Северна Македонија“ остана да должи скоро половина од вкупната парична обврска за 2023 година кон Агенцијата, поточно неплатениот дел од главниот долг по овој основ изнесува 11.460.960,оо денари.

3. Лиценцирање

3.3. Даватели на поштенски услуги

Заклучно со 31.12.2023 година, поштенски услуги обезбедуваа:

- **34 даватели на поштенски услуги** - правни лица со Општо овластување за обезбедување поштенски услуги, и
- **АД „Пошта на Северна Македонија" - Скопје** со Индивидуална дозвола за обезбедување на универзална услуга, или вкупно:

35 даватели на поштенски услуги

Слика бр. 2. Број на даватели кои обезбедуваат поштенски услуги во 4 квартал од 2023 година, споредбено со 4 квартал од 2022 година

4 квартал од 2023 година – 35 даватели на поштенски услуги

4 квартал од 2022 година – 36 даватели на поштенски услуги

Во четвртиот квартал Агенцијата постапуваше по 5 **постапки од надлежност за лиценцирање** и тоа:

- 1 предмет по Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги (кој заврши со издавање на Општо овластување за обезбедување поштенски услуги);
- 3 предмети по Нотификации за промена со обезбедување поштенски услуги – (од кои 1 предмет заврши со издавање Општо овластување, додека за 2 предмети постапката за решавање продолжува во следниот квартал), и
- 1 предмет по службена должност за укинување на Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги.

За споредба, во четвртиот квартал од 2022 година во управна постапка се постапуваше по 9 предмети од кои **8 предмети за престанок со**

обезбедување поштенски услуги и **1 предмет по Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги.**

Слика бр.3. Споредбено - Број на предмети во постапка за лиценцирање

Во четвртиот квартал на 2023 година **беше издадено 1 Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги** и **укинато 1 Општо Овластување за обезбедување на поштенски услуги.**

Слика бр. 4. – Број на издадени Општи овластувања за обезбедување поштенски услуги на нови правни субјекти



3.4. Нови даватели – започнување со обезбедување поштенски услуги

По примена Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги од **Друштвото за промет и услуги БОХ ПОСТ ДОО увоз-извоз Скопје**, УПІ бр.02-145 од 09.10.2023 година, беше издадено Општо овластување за обезбедување поштенски услуги на 06.11.2023 година за цела територија на Република Северна Македонија за пратки до и над 2 кг., пакети до и над 10 кг., за услуги услуги за обични писма, препорачани услуги за писма и пакети, за услуги достава – лично на рака за писма, услуги за пратки со означена вредност за писма и пакети, експресни услуги за писма и пакети, курирски услуги за писма и пакети, како и други поврзани услуги за пакети.

3.5. Промени во обезбедувањето поштенски услуги на постојни даватели

Во четвртиот квартал по однос на промени во обезбедувањето поштенски услуги на постојните даватели, состојбата беше следна:

1. Примена Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги од давателот Друштво за трговија, производство и услуги ЕУРО ЕНЕРГИ ДОО -Подружница ЕУРО КАРГО Тетово, УП I бр.02-142 од 07.09.2023 година, за проширување на географското подрачје-за меѓународен поштенски сообраќај. На **17.11.2023 година беше издадено Општо овластување за обезбедување поштенски услуги за внатрешен и меѓународен поштенски сообраќај** за пратки до и над 2 килограми, пакети до и над 10 килограми и тоа: услуги на обични писма и достава - лично на рака за писма за внатрешен поштенски сообраќај, препорачани услуги за пакети, експресни и курирски услуги за пакети и други поврзани услуги за пакети, за внатрешен и меѓународен поштенски сообраќај.
2. Примена Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги од давателот МЕКС ПОШТА ДОО Скопје, УП I бр.02-153 од 18.12.2023 година, за проширување на географското подрачје во меѓународниот поштенски сообраќај. **Постапката продолжува во следниот квартал**.
3. Примена Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги од давателот Друштво за услуги, трговија и производство ВИА ПОСТ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, УП I бр.02-155 од 28.12.2023 година, за проширување на географското подрачје во меѓународен поштенски сообраќај. **Постапката продолжува во следниот квартал**.

3.5.1. Одбивање на Нотификација

Агенцијата не донесе Решение за одбивање на нотификација во четвртиот квартал.

3.5.2. Отфрлање на Нотификација

Агенцијата нема донесено Решение за отфрлање на нотификација во четвртиот квартал.

3.5.3. Постапки за бришење од службената евиденција за даватели

Агенцијата за пошти по спроведена постапка,со решение го укина Општото овластување на давателот на поштенските услуги ФАЛКОН ЛОГИСТИК ДОО – ПОДРУЖНИЦА ФАЛКОН ЛОГИСТИК КУРИР (ФЛЦ) Скопје, поради неисполнување на правата и обврските од Општото овластување, согласно член 45 став 4 и став 7 и член 26 став 3 од ЗПУ, со што ФАЛКОН ЛОГИСТИК ДОО – ПОДРУЖНИЦА ФАЛКОН ЛОГИСТИК КУРИР (ФЛЦ) Скопје го изгуби статусот на давател на поштенски услуги. Агенцијата за пошти на ден 09.11.2023 година го избриша од службената евиденција за даватели на поштенски услуги Друштвото за меѓународен и внатрешен превоз на стоки ФАЛКОН ЛОГИСТИК ДОО – ПОДРУЖНИЦА ФАЛКОН ЛОГИСТИК КУРИР (ФЛЦ) Скопје. ФАЛКОН ЛОГИСТИК ДОО – ПОДРУЖНИЦА ФАЛКОН ЛОГИСТИК КУРИР (ФЛЦ) Скопје работеше во внатрешен поштенски сообраќај на цела територија на Република Северна Македонија од 24.07.2019 година до 06.11.2023 година, врз основа на Општо овластување издадено од Агенцијата за пошти под број УП I бр.02-51.

3.6. Интерес за влез на поштенскиот пазар - Комуникација со потенцијални апликанти/даватели на поштенски услуги

Активностите со одржување работни состаноци со сите заинтересирани и потенцијални апликанти за добивање на Општо овластување за обезбедување поштенски услуги, како и со постојните даватели се практикуваа и во четвртиот квартал од 2023 година од страна на Агенцијата за пошти. На тој начин Агенцијата придонесува за нивно позиционирање уште на самиот старт на „пазарната трка“, како и за подобра усогласеност на нивното работење кон поштенските прописи и процедури.

- Во **месец октомври,** во просториите на Агенцијата за пошти беше одржан работен состанок со заинтересирано физичко лице за добивање на Општо Овластување за обезбедување на поштенски услуги за одредено географско подрачје и за обезбедување на услугата – пакети. Воедно, беа дадени информации, инструкции и упатства за потребната

документација при постапката за лиценцирање за издавање на Општото овластување за обезбедување на поштенски услуги.

- Во **месец октомври** физичко лице се информираше за добивање на Општо овластување за територија на Тетово и меѓународен поштенски сообраќај. Во разговорот од страна на стручните лица беа дадени насоки за организацијата, оперативниот процес, документацијата и др.
- Во **месец ноември,** во телефонски разговор претставник на правно лице заинтересирано за добивање Општо овластување за меѓународен поштенски сообраќај се интересираше за постапката и документацијата околу добивање на Општо овластување.По дадените информации, беше предложено одржување на работен состанок во Агенцијата за запознавање со оперативниот процес и потребната документација со лицата од заинтересираниот правен субјект.
- Во **месец ноември,** се одржа уште еден состанок, со адвокатот на давателот на поштенски услуги МИК МИК за добивање Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги во меѓународен сообраќај. На состанокот беа дадени инструкции и насоки за организацијата, оперативниот процес, документацијата и др.
- Во **месец ноември,** беше одржан работен состанок со преставник на правно лице, кој се интересираше за постапката за добивање Општо овластување за обезбедување поштенски услуги за целата територија на државата. На состанокот беше дискутирано за начинот и процесот за организација при достава на пратки, капацитетите со кои се планира да се отпочне со работа, како и потребната документација и нотификација која треба да се достави во Агенцијата за добивање на Општо овластување.
- Во **месец декември** преставник на правен субјект во телефонско јавување се интересираше за постапката за добивање Општо овластување. Од страна на вработените беа дадени насоки и предлог за одржување на работен состанок во Агенцијата, за подетално информирање околу процесот на организација и комплетирање на документацијата.

- Во **месец декември** беше одржан работен состанок со физичко лице кое има компанија за автобуски превоз со линии во државата но и меѓународни автобуски линии,се интересираше за добивање Општо овластување за обезбедување поштенски услуги за внатрешен и меѓународен сообраќај со Швајцарија. На состанокот се дискутираше за планот и начинот околу процесот на организација на пренос на пратки од и кон државата, капацитетите, потребната документација и сл.
- Во **месец декември** беше одржан работен состанок со управителот на правното лице СТР Пост на кое Агенцијата при вршење на вонреден надзор му изрече прекршочни санкции за обезбедување на поштенски услуги без издадено Општо овластување од Агенцијата. На состанокот детално беше објаснет процесот за издавање на Општо овластување и беа дадени стручни насоки за потребната документација .

4. Конкуренција во поштенскиот сектор

Агенцијата за пошти изработи Анализа на капацитетите на новите даватели на поштенски услуги 2021, 2022 и 2023 година[1], врз основа на податоци за капацитетите на 8 нови даватели на поштенски услуги кои добиле Општо овластување за обезбедување на различен вид локални, национални и меѓународни поштенски услуги во 2021 година, 2022 година и 2023 година.

Податоците се добиени од давателите, но истовремено се користени дополнителни податоци прибавени при вршење редовни и вонредни надзори кај некои од овие даватели. За капацитетите на давателите на почетоците, беа користени податоци од службените списи на Агенцијата, прибавени во постапките за лиценцирање на давателите.

[1]https://ap.mk/sites/default/files/

4. Регистар на даватели на поштенски услуги

Во четвртиот квартал се постапуваше по **9 предмети** за ажурирање на податоците во службената евиденција за давателите на поштенски услуги, поведени на барање од давателите на поштенски услуги и по службена должност во Регистарот на лиценци, и тоа:

1. ЕКО Логистик Сервис ДООЕЛ Скопје – Еко Логистик Сервис ДОО Скопје – за нова адресница (во досие) 03-16/32 од 30.10.2023 година;
2. Пост Експрес Македонија ДОО Скопје – за промена на управител 03-16/30 од 16.10.2023 година- во регистар;
3. ВИА ПОСТ ДООЕЛ Скопје – за затворени 2 подружници во Велес и Кочани (Тековна состојба) 03-16/31 од 25.10.2023 година(во досие);
4. Тотал Пост Логистик ТПЛ ДООЕЛ Скопје –промена на електронска адреса, телефонски броеви, ценовник и лого 03-16/33 од 31.10.2023 година;
5. БОХ ПОСТ ДОО Скопје –податоци за нов давател 03-16/34 од 09.11.2023вгодина- во регистар;
6. ФАЛКОН ЛОГИСТИ К ДОО – ПОДРУЖНИЦА ФАЛКОН ЛОГИСТИК КУРИР (ФЛЦ) – бришење од регистар на даватели 03-16/35 од 10.11.2023 година, и следствено– објава на веб страницата на Агенцијата за избришан давател на поштенски услуги 03-16/36 од 10.11.2023 година;
7. Пошта Пештан Експресс ДООЕЛ Охрид, за нов ценовник 03-16/37 од 22.11.2023 година- во регистар;
8. ЕУРО ЕНЕРГИ ДОО – Подружница ЕУРО КАРГО Тетово упис во регистарот по издадено ново Општо овластување 03-16/38 од 27.11.2023 година–и следствено објава на податоци за промена на веб страницата на Агенцијата,

9. Пост Експрес Македонија ДОО Скопје –нов ценовник 03-16/39 од 06.09.2023 година- во регистар.

5. Постапки за присилно извршување

Во четвртиот квартал од 2023 година, Агенцијата за пошти не поведе постапка/и за присилно извршување.

Вкупниот број на активни предмети кои се водат пред извршители за присилна наплата на обврските по Решенија за годишен надомест од минатите години изнесува 18, и за истите нема наплата.

Реден број	Име и Презиме / Назив	Главен долг	Извршна исправа на Агенција за пошти	Извршител	И бр.	Предадени на извршител	Забелешка од Извршител
1.	ДПТУ ВИЗАРД ДЕЛИВЕРИ ДОО увоз-извоз Скопје	23,086.00	Решение УП I.бр.19/2013 од 26.03.2013 година	Благојче Кипровски од Скопје	357/2013	14.10.2013 година	Активен предмет - Блокирана сметка
2.	Друштво за услуги ИН ТАКСИ ДОО Скопје	49,880.00	Решение УП I.бр.02-06/2015 од 06.04.2015 година	Благојче Кипровски од Скопје	1798/2016	30.12.2016 година	Активен предмет - Блокирана сметка
3.	Друштво за производство, трговија и услуги ВИЗАРД ДЕЛИВЕРИ ДОО увоз-извоз Скопје	54,415.00	Решение УП I.бр.02-08/2015 од 06.04.2015 година	Благојче Кипровски од Скопје	1799/2016	30.12.2016 година	Активен предмет - Блокирана сметка
4.	Друштво за производство, трговија и услуги ВИЗАРД ДЕЛИВЕРИ ДОО увоз-извоз Скопје	26,991.00	Решение УП I.бр.02-10/2016 од 24.02.2016 година	Благојче Кипровски од Скопје	1801/2016	30/12/2016 година	Активен предмет - Блокирана сметка
5.	Друштво за производство, трговија и услуги ВИЗАРД ДЕЛИВЕРИ ДОО увоз-извоз Скопје	25,859.00	Решение УП I бр.02/23 од 13.11.2017 година	Благојче Кипровски од Скопје	400/2019	30/04/2019 година	Активен предмет - Блокирана сметка
6.	Друштво за превоз,услуги,трговија и маркетинг ДРД КУРИР ДОО Скопје	**27,111.00**	Решение УП.I бр.02-28 од 04.02.2020 година	Благојче Кипровски од Скопје	288/2020	16.07.2020 година	Активен предмет - Блокирана сметка

7.	Друштво за курирски услуги ПРЕМИУМ ДЕЛИВЕРИ ДОО Скопје	**54,222.00**	Решение УП I.бр.02-26 од 04.02.2020 година	Благојче Кипровски од Скопје	306/2020	14/08/2020 година	Активен предмет - Блокирана сметка
8.	Друштво за трговија, транспорт и услуги БАЛКАН-ПОСТ ДООЕЛ Скопје	**32,029.00**	Решение УП I.бр.02-31 од 01.04.2021 година	Благојче Кипровски од Скопје	183/2021	12/05/2021 година	Активен предмет - Блокирана сметка
9.	Друштво за логистички услуги ГПС - ГЛОБАЛ ПОСТАЛ СЕРВИСЕ ДООЕЛ Скопје	**31,449.00**	Решение УП I.бр.02-30 од 01.04.2021 година	Благојче Кипровски од Скопје	184/2021	12/05/2021 година	Активен предмет - Блокирана сметка
10.	Друштво за поштенски и курирски услуги ИН ТАЈМ ПОСТ ДООЕЛ	**53,912.00**	Решение УПI бр.02-18 од 30.03.2021 година	Благојче Кипровски од Скопје	494/2021	02/11/2021 година	Активен предмет - Блокирана сметка
11.	Друштво за трговија и услуги М-ДОСТАВА ДООЕЛ Скопје	**19,820.00**	Решение УП I.бр.02-24 од 31.03.2021 година	Благојче Кипровски од Скопје	572/2021	27/12/2021 година	Активен предмет - Блокирана сметка
12.	ДПТУ ВИЗАРД ДЕЛИВЕРИ ДОО увоз-извоз Скопје	24,585.00	Решение УП I бр.18/2014 од 26.05.2014 година	Кети Арсова од Скопје	1677/2014	25/12/2014 година	Активен предмет - Блокирана сметка
13.	Градско карго ДООЕЛ Битола	**24.110,00**	Решение УП I бр.02-39 од 13.04.2022 година	Снежана Андреевска	3404/22	21.09.2022 година	Активен предмет - Блокирана сметка
14.	ДТУ М Достава ДООЕЛ Скопје	**33.754,00**	Решение УП I бр. 02-42 од 13.04.2022 година	Снежана Андреевска	3545/22	20.10.2022 година	Активен предмет - Блокирана сметка
15.	ДТУ Делцо ДООЕЛ Скопје	**84.384,00**	Решение УП I бр. 02-30 од 13.04.2022 година	Снежана Андреевска	3546/22	20.10.2022 година	Активен предмет - Блокирана сметка
16.	ДТУ Делцо ДООЕЛ Скопје	**500,00**	Решение УП I бр. 02-29 од 01.04.2021 година	Снежана Андреевска	3768/22	02.12.2022 година	Активен предмет - Блокирана сметка
17.	ДТУ М Достава ДООЕЛ Скопје	**500,00**	Решение УП I бр. 02-16 од	Снежана Андреевска	3770/22	02.12.2022 година	Активен предмет -

			07.02.2019 година				Блокирана сметка
18.	ДТУ М Достава ДООЕЛ Скопје	**500,00**	Решение УП I бр. 02-29 од 04.02.2020 година	Снежана Андреевска	3769/22	02.12.2022 година	Активен предмет - Блокирана сметка

6. Судски постапки

Агенцијата за пошти поднесе жалба против Решение за отфрлање на БППП од Основен Кривичен суд – Оддел за прекршоци Скопје од 21.09.2023 година, по предмет УПI 02-137 (вонреден надзор на 11.07.2023 година над МИК-МИК ДООЕЛ Скопје).

По извршен надзор на 07.07.2020 година кај правното лице Локал Пост Скопје, на 16.11.2023 година во Агенцијата беше примена второстепената пресуда на Апелациониот суд Скопје под ПРКЖ 710/22 од 27.09.2023 година, со која се потврдува првостепената пресуда во целост.

7. Надзор

Во четвртиот квартал, согласно Годишната програма за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2023 година бр.01-276/1 од 20.12.2022 година[2], од страна на овластени лица за вршење на надзор беа извршени **2 редовни надзори и 2 вонредни надзори.**

Редовен надзор

1. Субјект на редовен надзор беше давателот на поштенски услуги **ПОСТ ЕКСПРЕС МАКЕДОНИЈА ДОО СКОПЈЕ**.
   Предмет на надзорот беше спроведувањето на ЗПУ и прописите донесени врз основа на овој закон, правата и обврските имплементирани во Општото овластување за обезбедување поштенски услуги и Годишната програма за вршење на надзор за 2023 година од страна на давателот на поштенски услуги ПОСТ ЕКСПРЕС МАКЕДОНИЈА ДОО СКОПjЕ. Изготвен беше записник бр. 02-150 од 28.11.2023 година. При надзорот не беа констатирани прекршоци.
2. Субјект на редовен надзор беше давателот на поштонски услуги **БРЗА ПРАТКА ДОО Скопје**.

[2] https://ap.mk/index.php/mk/godisna-programa

Предмет на надзорот беше спроведувањето на ЗПУ и прописите донесени врз основа на овој закон, правата и обврските имплементирани во Општото овластување за обезбедување поштенски услуги и Годишната програма за вршење на надзор за 2023 година од страна на давателот на поштенски услуги БРЗА ПРАТКА ДОО Скопје.Изготвен беше записник бр. 02-151 од 28.11.2023 година. При надзорот не беа констатирани прекршоци.

Вонреден надзор

3. Субјект на вонреден надзоо беше поавното лице **СТР ПОСТ ДООЕЛ СК**

Согласно член 73 и 76 од ЗПУ, врз основа на сомневања на овластените лица (по службена должност) - со предмет: спроведување на член 38 став 1 од ЗПУ беше спроведен надзор врз правното лице СТР ПОСТ ДООЕЛ СК – поради обезбедување на поштенски услуги без Општо овластување спротивно на членот 38 став 1 од овој закон, За спроведениот вонреден надзор беше составен Записник УГП бр.О2-149 од 19.11.2023 година и беа издадени 2 прекршочни платни налози - 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правно лице. Наплатена глоба во постапка за порамнување.

4. Субјект на вонреден надзор беше правното лице **МЈМ Деливери ДООЕЛ Скопје**

Предмет на надзорот беше спроведување на член 38 став 1 од ЗПУ за обезбедување поштенски услуги без Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги од страна на правното лице МЈМ Деливери Д00ЕЛ Скопје. Изготвен беше Записник УП.1.бр.О2154 од 21.12.2023 година, и беа издадени 2 прекршочни платни налози, 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правно лице. До денот на изработка на кварталниот извештај од страна на правниот субјект не беше подмирена глобата во постапка за порамнување.

Увиди и проверки

Во согласност со Годишната програма за работа за 2023 година, Агенцијата за пошти ја следеше работата на давателите на поштенски услуги и преку своите контролни функции и на систематски начин го анализираше развојот на конкуренцијата во поштенскиот сектор.

Агенцијата за пошти преку увиди спроведе проверки на капацитетите (оперативни и на поштенската мрежа) на релативно новите даватели вкупно **8 кои имаат добиено Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги во 2021 година, 2022 година и 2023 година (ПОШТА ПЕШТАН ДООЕЛ Охрид, СИТИ ЕКСПРЕС Битола, КОЛПОРТЕР Скопје, МИК – МИК ДООЕЛ Скопје, ВИА ПОСТ ДООЕЛ Скопје, ТЕЛКО ИНВЕСТМЕНТ ГРУП ДООЕЛ Прилеп, Б-ПОСТ ДООЕЛ Скопје подружница Б ПОСТ Скопје и ГЕНИКИ ТАХОДРОМИКИ СМ ДОО Скопје .** Во рамките на проверките беше анализиран растот на капацитетите на поштенските мрежи на давателите (простории, број на вработени лица, техничко-технолошки развој, начин на обезбедување на поштенските услуги).

Агенцијата преку увиди спроведе проверки на обемот на евидентирани поштенски услуги во појдовен и дојдовен меѓународен сообраќај за 2022 година на **5 даватели на поштенски услуги кои имаат Општо овластување за обезбедување поштенски услуги и во меѓународен поштенски сообраќај**. *(Кај 2 даватели кои имаат Општо овластување за обезбедување поштенски услуги и во меѓународен поштенски сообраќај беше спроведен редовен надзор согласно Годишната програма за вршење на надзор за 2023 година и тоа кај: **Деливери Сервис Интернешенел ДООЕЛ Скопје** и **БРЗА ПРАТКА ДОО Скопје.** Кај 3-те даватели беа извршени проверки во делот на капацитетите и колкав обем на поштенски услуги се обезбедени во меѓународен поштенски сообраќај правата во извештаите и тоа: **ГЕНИКИ ТАХОДРОМИКИ СМ ДОО Скопје, Б-ПОСТ ДООЕЛ Скопје подружница Б ПОСТ Скопје и ЕКО ЛОГИСТИК СЕРВИС ДОО Скопје.**

Агенцијата спроведе увиди и контроли на **5 даватели на поштенски услуги** кои се соочуваа со потешкотии во обезбедување на поштенски услуги, или беа недостапни подолго време (иселени), не пријавуваа или пријавуваа незначителен обем на услуги и сл. Проверките и контролите резултираа со:

- **Укинување на Општото овластување за обезбедување на поштенски услуги** на **3 даватели на поштенски услуги** (POSTBOX увоз – извоз ДООЕЛ Прилеп[3], ЦИКЛО ПОШТА ДООЕЛ Скопје[4] и ФАЛКОН ЛОГИСТИК ДОО – ПОДРУЖНИЦА ФАЛКОН ЛОГИСТИК КУРИР (ФЛЦ) Скопје [5]);
- Констатација дека **2 даватели на поштенски услуги работат со слаби капацитети и намален обем на поштенски услуги -** НОВА ПОШТА ДООЕЛ Скопје и ПЛАН ЕКСПРЕС ДООЕЛ Скопје.Наведените даватели продолжуваат со обезбедување на поштенски услуги во 2024 година и ќе бидат предмет на проверка и контрола.

8. Заштита на правата на корисниците

9.1. Информирање на корисниците на поштенски услуги

Во согласност со една од главните цели на ЗПУ која е во насока на заштита на интересите на корисниците на поштенските услуги, Агенцијата за пошти континуирано и посветено остварува комуникација со корисниците на поштенските услуги.

Заради остварување на своите законски права како корисници на поштенски услуги, граѓаните имаа можност да се обратат во Агенцијата и да поднесат претставки и управни приговори, кои се процесуираа преку Директоратот за заштита на правата на корисниците и односи со јавноста.

---

[3]Со Решение од 29.03.2023 година, Агенцијата го укина Општото овластување на POSTBOX увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, поради неисполнување на правата и обврските од Општото овластување, согласно член 46 став 4 и став 7 и член 26 став 3 од ЗПУ, со што POSTBOX увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп го изгуби статусот на давател на поштенски услуги.

[4] Со Решение од 05.04.2023 година, Агенцијата го укина Општото овластување на ЦИКЛО ПОШТА ДООЕЛ Скопје, поради неисполнување на обврските од Општото овластување, согласно член 45 став 2 и став 4 и член 26 став 3 од ЗПУ, со што ЦИКЛО ПОШТА ДООЕЛ Скопје го изгуби статусот на давател на поштенски услуги

[5]Со Решение од 06.11.2023 година,Агенцијата го укина Општото овластување поради неисполнување на правата и обврските од Општото овластување, согласно член 45 став 4 и став 7 и член 26 став 3 од ЗПУ, со што ФАЛКОН ЛОГИСТИК ДОО – ПОДРУЖНИЦА ФАЛКОН ЛОГИСТИК КУРИР (ФЛЦ) Скопје го изгуби статусот на давател на поштенски услуги

Во Агенцијата за пошти во периодот од 01.10.2023 година до 31.12.2023 година, беа поднесени вкупно **2 претставки и 1 управен приговор** од корисници на поштенските услуги.

9.2. Претставки

Претставките се евидентираат во Уписникот за предметите по предлози и претставки.

Подносител на претставка може да биде секое физичко или правно лице.

Начинот на поднесување на претставките може да биде во писмена форма на адреса на Агенцијата за пошти (Кеј 13-ти Ноември, ГТЦ, кат 2, зграда 4, влез 1, локал 2, 1000 Скопје), или на електронските адреси (info@ap.mk и kabinet@ap.mk), како и усно на записник во просториите на Агенцијата за пошти.

Во овој квартал, 1 претставка беше поднесена од физичко лице и 1 од правно лице.Претставките се однесуваат на услугите на давателите: ПОСТ ЕКСПРЕС ДОО Скопје и ИН ПОШТА РАДЕСКИ ДООЕЛ Скопје.

1. Претставката со **УПП бр.02-15** беше поднесена од страна на физичко лице и се однесуваше на забелешка за адресните податоци за испраќачот кои не беа наведени во адресницата како и неможноста од давателот ПОСТ ЕКСПРЕС ДОО Скопје во неколку телефонски наврати да добие податоци за испраќачот. Агенцијата за пошти оствари комуникација со подносителот кој информираше дека предметната пратка всушност била онлајн нарачка направена преку социјалната мрежа Фејсбук и дека производот кој бил доставен не соодејствува со нарачаниот производ за што била побарана замена на производ.Агенцијата за пошти и укажа на подносителката за онлајн измамите како и за ризикот од купувањето и нарачувањето на производи на социјалните мрежи.

2. Претставката со **УПП бр.02-16** се однесуваше на работата на давателот на поштенски услуги ИН ПОШТА РАДЕСКИ ДООЕЛ Скопје поради губење на пратка и оневозможување за поднесување на рекламација. Подносителот побара од Агенцијата за пошти да го задолжи давателот да ја надомести штетата но и да спроведе вонреден инспекциски надзор и прекршочна постапка.Според наводите и доказите кои беа доставени до Агенцијата, констатирано беше дека станува збор за поштенска пратка - пакет без откупнина и без означена вредност за која од страна на испраќачот биле платени трошоците за поштарина. Агенцијата утврди дека испраќачот не го искористил своето законско право за поднесување на рекламација до давателот на поштенските услуги, во рок од три месеци од денот на испраќање на пратката по што согласно член 63, став 5 од ЗПУ корисникот кој не поднел рекламација во предвидениот рок го губи правото на надоместок на штета.Бидејќи корисникот пропуштил да го искористи своето законско право, Агенцијата за пошти нема правен основ да го задолжи давателот на поштенската услуга да ја надомести штета.

Слика бр.5. Споредбено – 4 квартал од 2022 година и 4 квартал од 2023 година



9.3. Управни приговори

Во уписникот за првостепена управна постапка, во четвртиот квартал од 2023 година **беше евидентиран 1 управен приговор** од корисник на поштенски услуги.

1. Управниот приговор **УПІ бр.02-152** беше поднесен од страна на Друштво за трговија на големо и мало во земјата и странство, услуги и сервисирање на машини ТЕХНОКСГРУП МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз с.Бразда, Чучер Сандево, застапувано од Адвокатско друштво Поповски и Партнери од Скопје, во кој согласно член 63 став 7 од Законот за поштенските услуги, подносителот приговара, бидејќи е незадоволен од одговорот по поднесена рекламација од страна на Карго Експрес ДООЕЛ увоз извоз Битола и побара надомест на штета за целосно оштетување на препорачана пратка како и трошоци за водење на постапка.
   Агенцијата за пошти донесе Решение со УПІ број 02-152 од 29.12.2023 година со кое барањето на подносителот се одбива како неосновано.

Поврзано со Управен приговор со УПІ број 02-144 од 26.09.2023 година (поднесен во третиот квартал), Агенцијата донесе Решение на 06.11.2023 година со кое барањето на подносителот се одбива во целост како неосновано.

Во врска со Управниот приговор со УПІ број 02-143 од 20.09.2023 година (поднесен во третиот квартал), Агенцијата донесе Решение до УПІ број 02-143 од 13.10.2023 година со кое барањето на подносителот се одбива во целост како неосновано.

a. Комуникации со корисници

Во овој квартал беа евидентирани **24 комуникации** од корисници на поштенски услуги и со кои се бараат различни информации од Агенцијата за пошти.

Комуникациите беа пристигнати на електронската адреса на Агенцијата и во истите корисниците бараа инфорамции за статусот на пратките кои ги очекуваат, контактни информации на давателите, информација за враќање на откуп, поплаки кои се однесуваат на работењето и доставата на поштенски пратки на давателот АД „Пошта на Северна Македонија“. Исто така беа пријавени измами од граѓаните кои се однесуваа на добивање на смс пораки преку кои повеќе даватели на поштенски услуги ги информираат дека за достава на пратките потребна е потврда за царинско плаќање, погрешна адреса на испорака, како и потребата за уплата на различни парични вредности и сл.

Агенцијата направи проверка за пријавените измами и утврди дека како испраќач на овие смс-пораки се јавуваат меѓународни телефонски броеви со опис info, чии појдовни кодови се користат како SCAM-измами и во содржината на овие пораки беа приложени линкови кои водат до неовластени веб-страници кои не се поврзани со обезбедување на поштенски услуги.

Воедно, Агенцијата на својата веб страница ги извести корисниците со препорака да не се отвораат линковите кои се приложени во смс-пораките бидејќи станува збор за измама во која се работи за неовластено користење и злоупотреба на лични податоци.

Слика бр. 6. Комуникација со корисници во 4 квартал од 2022 година и 4 квартал 2023 година



6.Телефонски консултации

Во кварталниот извештај беа евидентирани **6 телефонски консултации** со корисници на поштенски услуги.

Во нив корисниците побараа информации за статусот на пратка, контакт за давател на поштенски услуги, начин за поднесување на рекламација, потврда за прием на управен приговор, информација за правата на испраќачите и сл.

9.4. Веб – страница на Агенцијата за пошти

На веб – страницата на Агенција за пошти, во извештајниот период беа објавени **52 содржини** со различен карактер.

Во Регистарот на лиценци беа направени **9 внесувања** со што се врши активно ажурирање на податоците и информациите кај лиценцираните даватели на поштенски услуги.

На Фејсбук профилот на Агенцијата за пошти беа објавени **38 содржини**[6].

Тргнувајќи од потребата да се утврди интересот на јавноста во поглед на работењето на Агенцијата за пошти, како и воопшто следењето на македонскиот поштенски пазар преку користење на веб- страницата на Агенцијата за пошти, спроведена беше активност за осознавање на овие информации.

Од направената анализа на статистичките извештаи за посетеноста на веб -страницата на Агенцијата за пошти www.ap.mk, започнувајќи од 01.10.2023 година до 31.12.2023 година беше констатирана следната состојба:

- Во месец **Октомври**, веб- страницата ја посетиле **5.846 посетители**, а прелистани беа вкупно **43.747 страници**. Истиот месец, најмногу била посетувана почетната страница http://ap.mk/ со вкупно 3.632 прегледи, а најпреземан (downloaded) документ за месец Октомври беше ценовникот на Карго Експрес Битола со вкупно **149 преземања**.
- За месец **Ноември**, беа евидентирани **6.766 посетители** на веб страницата, со прелистано вкупно **61.619 страници**. Во овој месец најпосетена страна била почетната страница http://ap.mk/ со вкупно 3.818 посети, додека **142 пати** беше преземан ценовникот на Карго Експрес Битола.
- Во месец **Декември**, вкупно **7.116 посетители** ја отвориле веб -страницата, а направени беа **56.326 прелистувања**. Во овој месец, исто така најпосетена беше почетната страна http://ap.mk/ со вкупно 4.161 посети. И повторно ценовникот на Карго Експрес Битола беше најпреземан со вкупно 127 преземања.

---

[6] Агенција за пошти | Facebook

9.5. Комуникација со медиуми

Преку комуникацијата со медиуми, Агенцијата за пошти ја користи можноста да ја информира јавноста за актуелните случувања во поштенскиот сектор.

МРТ Во **месец октомври** директорката Аврамоска Ѓореска гостуваше во Утринската програма на Првиот Сервисен канал на Македонската Радио Телевизија која се емитуваше во живо од просториите на Агенцијата. Во прилогот главниот фокус беше насочен кон постапувањата на Агенцијата по корисничките приговори и рекламационите постапки, како и состојбата со активните даватели на поштенски услуги.

МРТ Во **месец ноември** директорката Аврамоска Ѓореска гостуваше во живо во Дневник 2 од хотел Панорамика. Во прилогот главниот фокус беше одбележување на јубилејот „15 години од основање на Агенцијата за пошти“.

МИА На **месец ноември** по повод јубилејот „15 години од основање на Агенцијата за пошти“ од страна на МИА беше објавен текст за настанот кој беше воедно превземен од повеќе пишани медиуми.

МРТ Во месец **декември**, во соработка со јавниот сервис МРТ, на првиот програмски сервисен канал, во времетраење од 7 дена беше емитувано промотивното видео на Агенцијата за пошти „**15 години од основање на Агенцијата за пошти**“.

9.6. Електронски билтен на Агенцијата за пошти

Информативни содржини и дистрибуција на истите преку електронски билтени (newsletter)

Со цел да се афирмира работатата на Агенцијата за пошти и да се доближи до лиценцираните даватели на поштенски услуги, Агенцијата за пошти започна со користење на една од најефикасните алатки на дигиталниот маркетинг. Информативниот е- билтен е моќна алатка на дигиталниот маркетинг бидејќи преку неа се остварува директно комуницирање со соработниците, на персонализиран начин со „сервирање“ на нови и вредни содржини, директно на нивните е-маил адреси.

Во четвтиот квартал беа испорачани **три Информативни билтени** на Агенцијата за пошти, **Е-билтен #8**, **Е-билтен #9** и **Е-билтен #10**.

Е-билтен #8 беше наменет за „Европска недела на мобилност“, активност во која учествуваше Агенцијата за пошти, а која се одржува секоја година во периодот од 16 до 22 септември на иницијатива на Европската комисија. Со учеството на вработените во Агенцијата за пошти во оваа кампања се упати силна порака за користење алтернативни форми на мобилност како што се пешачењето, велосипедизмот и сл., како и водење на сметка за заштита на животната средина.

Во **Е-билтен #9** Агенцијата информираше за одржувањето на TAIEX Експертската мисија за транспонирање и имплементација на ЕУ Регулативата 2018/644 за услуги за меѓународна достава на пакети во македонското законодавство.

Е-билтен #10 беше издаден во знакот на јубилејот - 15 години од основање на Агенцијата за пошти - која е основана во 2008 година, како независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, која се грижи за законско и ефикасно функционирање на пазарот на поштенските услуги, со цел да ги заштити правата на корисниците и да овозможи конкуренција во областа на поштенските услуги според објективни, транспарентни и недискриминаторски услови.

9.7. Брошура

„Употреба на ИТ технологија во македонскиот поштенски сектор"[7] е насловот на новата брошура во издание на Агенцијата за пошти.

Во брошурата на лесен и разбирлив начин се презентираат и анализираат податоците кои што се однесуваат на употребата на ИТ-технологија од страна на македонските даватели на поштенски услуги, кои имаат добиено Општо овластување од Агенцијата за пошти.

Конкретно, предмет на разгледување и анализа се податоците кои даваат сознанија за користење на технологиите како Track & Trace – системи, бар код и QR- кодови, мобилни читачи и мобилни пост-терминали за наплата на поштарина. Воедно, објаснети се дефинициите за споменатите ИТ-технологии, како и состојбата на македонскиот поштенски сектор.

[7] https://ap.mk/mk/brosuri

10. Анализа на пазарот

Во насока на спроведување на своите надлежности во делот на имплементирање на политиките за регулирање на пазарот со воспоставување на ефективна конкуренција, Агенцијата за пошти континуирано го следи пазарот на поштенски услуги со прибирање, проверка, систематизирање и анализирање на податоците доставени од давателите на поштенски услуги.

8.3. Согласно законските обврски за доставување податоци за обезбедување на поштенски услуги до 01.09.2023 година, давателите на поштенски услуги доставуваа извештаи за своето работење за период 01 јануари 2023 до 30 јуни 2023 година. Врз основа на наведените извештаи беше изготвена Анализата на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија за 1-во полугодие на 2023 година која содржи податоци за обемот и видот на пратките, подрачјето на кое се обезбедуваат поштенските услуги, бројот на вработени лица кај давателите на поштенски услуги, финансиските средства остварени од услугите, бројот на рекламации за дадениот период, капацитетот на јавната поштенска мрежа и др.[8]Анализата беше презентирана на 21-от јавен состанок.

8.4. Од аспект на работењето на 5-те даватели на поштенски услуги кои 15 години обезбедуваат поштенски услуги и тоа: АД „Пошта на Северна Македонија - Скопје“, ДХЛ Експрес Македонија ДООЕЛ Скопје,ПНЛ ТРАНСЛОГ ДООЕЛ Скопје, Карго експрес ДООЕЛ увоз извоз Битола и ИН ТИМЕ МК БПС ДОО Скопје, како и врз основа на податоците кои давателите на поштенски услуги ги доставуваат два пати во годината до регулаторот, Агенцијата за пошти изработи **Анализа за работењето на 5 даватели на поштенски услуги 2008 – 2023 година**[9].

---

[8] Статистички извештаи за поштенските услуги | Агенција за пошти (ap.mk)

[9] Анализа за работењето на 5 даватели на поштенски услуги 2008 – 2023 година

9. Истражување за потребите на корисниците на поштенски услуги – 2023

Истражување на потребите на корисниците на поштенските услуги е активност која Агенцијата за пошти ја спроведува во последните 4 години, и која има за цел при донесување на своите регулаторни мерки и одредување на активностите да се имаат во предвид потребите и задоволството на корисниците од обезбедување на поштенските услуги. Истражувањето беше спроведено од независна компанија врз основа на точно утврдена методологија.

Основен предмет и цел на истражувањето беше проценка на потребите на корисниците на поштенските услуги. Истражувањето даде одговор и проценка колку обезбедувањето на поштенски услуги од страна на давателите на поштенски услуги ги задоволува потребите на корисниците. За ова истражување беа дизајнирани два примерока според целната група, и тоа:

- Правни лица и
- Физички корисници.

Вкупниот број на испитаници по целна група беа:

- n=180 испитаници правни лица и
- n=420 испитаници физички корисници.

Како посебни суб-групи на правни испитаници беа опфатени правни субјекти во урбани, но и рурални и многу оддалечени места и тоа според број на вработени, големина на месечно користење на поштенски услуги, правни субјекти кои тргуваат од дома, правни субјекти за кои поштенските услуги се многу важни за нивниот бизнис.

Репрезентативноста на физичките корисници беше обезбедена според најновите податоци за проценка на населението по региони и место на живеење од 2021 година според Државниот завод за статистика.

Истражување за потребите на корисниците на поштенски услуги - 2023 година даде одговор и проценка за:

1. Навиките на користење на поштенски услуги
2. Задоволството од поштенските услуги

3. Цените и роковите за достава
4. Квалитетот и рекламации
5. Користењето на услуги на други даватели на поштенски услуги
6. Сандачињата за прием и достава на пакети на јавни места
7. Пратките кои се предмет на електронска трговија

Истражувањето на потребите на корисниците од поштенските услуги[10] е достапно на веб страницата на Агенцијата за пошти.

10. СОРАБОТКА

10.3. Меѓународна соработка

Во четвртиот квартал, во делот на меѓународната соработка беа реализирани следните активности:

Група на Европски регулатори за поштенски услуги (ЕРГП)

Од 24 -ти ноември 2023 година во Букурешт, Романија се одржа 25 – от Пленарен состанок на Европската група на поштенски регулатори (ЕРГП), на која присуствуваше раководителката на Директоратот за следење и анализа на пазарот, Данијела Спасиќ Томовска.

На пленарниот состанок се усвои Програмата за работа за 2024 година, која ги даде задачите на ЕРГП за следната година во согласност со стратешките столбови поставени со новата Среднорочна стратегија на ЕРГП за период од 2023 до 2025 година. Воедно, се дискутираше и за потребата за учество на ЕРГП како набљудувач на состаноците на Светскиот поштенски сојуз, имајќи предвид дека до сега претставниците на ЕРГП немаа свое учество на состаноците на СПС, а со тоа и немаа можност активно да го следат процесот на донесување одлуките на состаноците на СПС.

Пред одржувањето на Пленарниот состанок, на 23-ти ноември, во организација на Европската Комисија се одржа **јавна работилница** каде се дискутираше за одржливост на животната средина во контекст на изнаоѓање на начин на кој поштенскиот сектор може да придонесе за намалување на CO2 во околината.Имено, главен фокус беше воведување на нови модели во обезбедување

[10] https://ap.mk/mk/istrazuvanja-zadovolstvo

на поштенските услуги за намалување на загаденоста на околината: на пример поголема употреба на “parcel lockers“ во доставата и во прием на поштенски пратки во урбани средини.

Контакт мрежа (CN)

На 20-ти октомври 2023 година во Солун, Република Грција се одржа 2-от состанок на Контакт мрежата (CN) при Групата на Европски регулатори за поштенски услуги(ERGP), на кој учествуваа претставници од Агенцијата за пошти: директорката Билјана Аврамоска Ѓореска и раководителите на директорати од Стручната служба на Агенцијата, Горан Игнатовски и Данијела Спасиќ Томовска.

На состанокот учествуваа претставници на регулаторните тела од поштенската област на државите членки на Европската Унија, како и претставници на регулаторните тела од државите кои имаа статус на набљудувачи.На состанокот од страна на учесниците беа разгледани и одобрени документите и извештаите кои ќе бидат усвоени на претстојната 25-та пленарна седница на ЕРГП која ќе се одржи во месец ноември во Букурешт, Романија.Воедно,беше презентиран и Комуникацискиот план за 2024 година од страна на претставник на Шведската Управа за пошта и телекомуникации (PTS), која ќе претседава со ЕРГП наредната година.

CEFTA На 06 декември 2023 година, во Подгорица, Црна Гора се одржа работен состанок на ЦЕФТА експертската група за достава на пакети, на кој учество земаа претставници на 7 земји членки на ЦЕФТА, меѓу кои и претставници на Агенцијата за пошти и Министерството за транспорт и врски, Данијела Спасиќ Томовска и Блерта Вејсели.На состанокот од страна на Секретаријатот на ЦЕФТА беше презентиран Акциски план за понатамошното функционирање на работната група на ЦЕФТА, додека претставниците на секоја земја членка ги презентирани своите планови за примената на Регулативата за меѓународна достава на пакети како основа за добар регионален развој и соработка.

Воедно, на 07 декември од страна на Црна Гора како претседавач на ЦЕФТА за 2023 година беше организирана конференција „*Недела на ЦЕФТА*- Click,Connect and Trade“, со неколку панел дискусии поврзани со e-commerce и трговија, на кои се

размениј искуства од страна на државите членки на ЦЕФТА но и организациите кои работат во проблематиката на e-commerce и развој.

TAIEX Експертска мисија

Во период од 02 до 06 октомври 2023 година во просториите на Агенцијата за пошти се одржа TAIEX Експертската мисија за транспонирање и имплементација на ЕУ Регулативата 2018/644 за услуги за меѓународна достава на пакети во македонското законодавство. Мисијата ја спроведоа експертите Андреј Сарделиќ и Стјепан Палер од Хрватската Регулаторна Агенција за мрежни индустрии (ХАКОМ).На мисијата учествуваа вработени од Агенцијата за пошти, како и релевантни претставници од Министерството за транспорт и врски и Секретаријатот за европски прашања.

Во рамките на петдневните сесии се размениј знаења и практики за имплементација на Регулативата 2018/644 која се однесува на униформирани и транспарентни цени на услугите за меѓународна достава на пакети со цел попристапни услуги за крајните корисници. Воедно, хрватските експерти пренесоа искуства и практични примери како Регулативата е имплементирана во ЕУ земјите членки и улогата и надлежностите на националните регулаторни тела.

10.4. Соработка со домашни институции

На покана од Царинската управа на Република Северна Македонија, вработени од Агенцијата учествуваа на работилницата **„Концепт на овластен економски оператор (ОЕО): Улога и учество на релевантните државни институции во неговата примена“**, во организација на Царинската управа на Република Северна Македонија, а во соработка со УСАИД Партнерства за економски раст. Работилницата се одржа на 13 декември 2023 година во Мултимедијалниот центар во Јавна Соба (Public Room).

Агенцијата за пошти со свои претставници учествуваше во имплементација на мерките и активностите од нејзина надлежност предвидени во Стратегијата за формализирање на неформалната економија за периодот 2023-2027 година“ која е усвоена од Владата на предлог на Министерството за финансии. Во рамките на Меѓуресорското тело за формализирање на неформалната каде има статус на член.

E-COMMERCE Macedonian Association На 6 - та регионална конференција за е-трговија посветена на редефинирањето на е-трговијата во ерата на вештачка интелигенција, во организација на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија (АЕТМ), учествуваа директорката Билјана Аврамоска Ѓореска и раководителката на Директоратот за заштита на правата на корисниците и односи со јавноста, Ана Ковачевска. Во фокусот на конференцијата беше искористувањето на потенцијалот на вештачката интелигенција, нејзината улога во е-трговијата, како и редефинирање и трансформирање на целата индустрија.

11. Јакнење на институционалните капацитети

11.3. Човечки ресурси

Во четвртиот квартал, Агенцијата постапуваше по повеќе предмети кои се однесуваа на правата од работен однос и други права на избраните и именувани лица во Агенцијата, соодветни консултации со сродни институции, евиденција за отсуство/присуство-континуирано, извештаи за платен список, годишни одмори, (решенија, извештај и распоред) и други предмети.

Бројот на вработени во Агенција за пошти, на крајот на четвртиот квартал изнесуваше вкупно **18** од кои 15 административни службеници, 2 лица ангажирани на определено време преку Агенција за привремени вработувања КОНТАКТ БИЗНИС и директор.

11.4. Годишен план за вработување во 2023 година

Во четвртиот квартал согласно Годишниот план за вработување на Агенцијата за пошти за 2023 година беа започнати 2 постапки за вработување на административни службеници на неопределено време и тоа:

1. Постапка за вработување за административен службеник на неопределено време, на работно место - соработник за меѓународен поштенски сообраќај во Директоратот за поштенски мрежи и меѓународна соработка, која беше

започната со јавен оглас бр. 522/2023 преку Агенција за администрација. Постапката продолжува во следниот квартал.

2. Постапка за вработување за административен службеник на неопределено време, на работно место – помлад соработник за универзална услуга во Директоратот за следење и анализа на пазарот, која беше започната со јавен оглас бр. 521/2023 преку Агенција за администрација. Постапката беше запрена по фазата на административна селекција на барање на Агенцијата за пошти.

11.4.1. Пополнување на работно место преку унапредување

Во кварталниот период беше спроведена постапката за пополнување на 1 работно место во Стручната служба на Агенцијата, преку унапредување на 1 административен службеник, во согласност со одредбите од Колективниот договор на Агенцијата за пошти. Во постапката иницирана од директорката, по интерниот оглас објавен на 27.11.2023 година административниот службеник Ридван Адеми беше унапреден на новото работно место Стручен советник за поштенски мрежи, систематизирано под шифра АПШ 01 01 В01 006, во категорија и ниво В01 во Директоратот за поштенски мрежи и меѓународна соработка, врз основа на Одлука на директорката донесена на 25.12.2023 година.

11.4.2. Пополнување на работно место преку хоризонтално распоредување

Административниот службеник Ирка Малиќевиќ со Решение бр.04-253/2 од 06.12.2023 година беше распоредена на исто ниво В03 на слободно работно место со назив - Соработник за универзална услуга во Директоратот за следење и анализа на пазар.

11.5. Престанок на работен однос

Во четвртиот квартал немаше постапки за престанок на работен однос.

11.6. Реализација на Годишниот план за обуки за 2023 година

Во насока на унапредување на стручното оспособување и усовршување, вработените во Агенцијата за пошти учествуваа на следните обуки на тема:

- На 27.10.2023 година, 4 вработени учествуваа на советување посветено на номотехничките правила за подготвување на законите;

- Во период од 02 -04 ноември 2023 година, во Охрид, во организација на Здружението на правници се одржа 86-та средба на Здружение на правници на која учествуваат 3 вработени;
- Во период од 15 -16 ноември 2023 година во организација на UNCTAD се одржа обука на тема „Процесот за решавање на спорови (Dispute Settlement Process) во рамките на земјите членки на ЦЕФТА, на која учествуваа 3 вработени.
- Положена основната обука за сајбер безбедност за вработени во јавниот и приватниот сектор од страна на 17 вработени во Агенцијата и директорката.
- Во ноември се одржа обука со тема "Новините во законските прописи, сметководството и даноците", на која учествуваше 1 вработен,
- На 16.11.2023 година во организација на Агенцијата за слободен пристап до информации се одржа обука на тема "Примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер", на која учествуваше 1 вработен.

Во четвриот квартал од 2023 година беа реализирани **30 учества** на вработени на **6 обуки.**

11.7. Зголемување на бројот на бодови по работни места

Врз основа на измените на Колективниот Договор на Агенцијата за пошти кои стапија на сила на 01.10.2023 година, со кои се изврши линеарно зголемување на платите на вработените, преку соодветна промена во бројот на бодови од 0,58 бода за секое од работните места за 15 административни службеници во Агенцијата, беа изготвени Решенија за утврдување на новите бодови по работно место. Новите Решенија со зголемени бодови согласно измената на Колективниот договор се применуваат при пресметка на платата започнувајки од платата за Октомври 2023 година за административните службеници и привремено ангажираните лица.

11.8. Плата, надоместоци на плата и други надоместоци, одмори и отсуства

Во четвртиот квартал Агенцијата за пошти редовно и навреме исплатуваше плата и надоместоци за членовите на Комисијата, вработените (административни службеници и лица ангажирани на определено време) и директорот. Во овој квартален период беа исплатени додатоци на плата за извршен надзор на 6 овластени лица за вршење на надзор.

Исто така на 31.10.2023 година од страна на директорката беа донесени Решенија за остварување дел од плата за работна успешност за сите 15 административни службеници и 2 привремено ангажирани лица во висина од 10% од нивната основна плата, заради извршување на низа специфични и сеопфатни работи и задачи во однос на вообичаените. Делот од плата за работна успешност е исплатен со платата за месец Октомври 2023 година (по повод одбележување на јубијелот 15 години од основање на Агенцијата за пошти).

11.9. Годишни одмори

Во четвртиот квартал Агенцијата за пошти постапуваше по барањата на вработените за користење на делови од годишниот одмор за 2023 година и слободни денови по друг основ од Колективниот договор, за кои беа издадени соодветни поединечни акти.

11.10. Оценување на административните службеници

Во законски рок беа спроведени постапките за оценување на 15 административни службеници во Стручната служба на Агенцијата за пошти

Претходно, од страна на Комисија формирана со решение на директорката беше спроведено оценување на административните службеници од страна на по 2 вработени од Агенцијата со кои оценуваните административни службеници непосредно соработувале. Оценките содржани во овие обрасци беа вклучени во завршното оценување кое се спроведе заклучно со 27.12.2023 година.

11.11. Канцеларско и архивско работење

Во извештајниот период континуирано се постапуваше согласно актите за канцеларското и архивско работење во Агенцијата за пошти и тоа:

- Уписникот за првостепена управна постапка за 2023 година беше заклучен на 29.12.2023 година со состојба од 75 предмети.
- Деловодната книга за 2023 година на 29.12.2023 година беше заклучена со состојба бр. 282.

Во четвртиот квартал беа изработени: План на архивски знаци за 2024 година, Листа на архивски материјал за 2024 година, Решение за видови предмети и Решение за распоредување на документи, Листа на документарен материјал со рокови за негово чување за 2024 година. Наведените документи во законски утврдениот рок беа доставени до Државниот Архив на Репиблика Северна Македонија за добивање на согласност. Државниот Архив на Република Северна

Македонија даде согласност на актите на Агенцијата за пошти со Решение УП 1 бр.17-424 од 01.12.2023 година.

12. Јавни набавки

Во извештајниот период беше изготвен Извештај за спроведени јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за пошти за 2023 година[11].

13. Транспарентност на работата

13.3. Комисија на Агенција за пошти

Комисијата на Агенцијата за пошти во четвртиот квартал од 2023 година одржа **7 состаноци**[12] на 17.10.2023 година, 30.10.2023 година, 03.11.2023 година, 21.11.2023 година, 27.11.2023 година, 04.12.2023 година и 29.12.2023 година.

На состаноците, членовите на Комисијата разгледуваа, усвоија и дадоа согласност за материјали и документи од тековното работење на Агенцијата:

1. Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2024 и Финансиски план на Агенцијата за пошти за 2024 година;
2. Одлука за определување на вредност на поенот за пресметување на годишниот надоместок за 2024 година;
3. Правилник за критериумите за пристап до универзалната услуга, со утврдување на подрачјата на единиците на мрежата, на растојание меѓу поштенските единици и број на поштенски сандачиња;
4. Одлука за измена на Финансискиот план на Агенција за пошти за 2023 година;
5. Одлука за измена и дополнување на Планот за јавни набавки на Агенција за пошти за 2023 година;
6. Трет Квартален Извештај за спроведување на Годишната Програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година;

[11] https://ap.mk/mk/javni-nabavki
[12] https://ap.mk/mk/sostanoci-na-komisija

7. Согласност за измена на Годишниот план за вработување на Агенцијата за пошти за 2023 година;
8. Согласност за донесување на Одлука за потреба за вработување;
9. Одлука за 13 -та плата на директорката на Агенција за пошти,
10. Одлука за распишување на јавен оглас за избор на директор на Агенцијата за пошти.

13.3.1. Постапка за избор на директор

Во текот на месец ноември и декември беа превземени законски утврдените постапки за избор на директор на Агенцијата за пошти, имајќи ја во предвид законската обврска за навремено отпочнување на постапката - 30 дена пред истекот на мандатот на неговиот претходник (мандатот на директорката Билјана Аврамоска Ѓореска истекува на 16.01.2024 година).

По донесување на Одлуката за распишување на јавен оглас за избор на директор на Агенцијата за пошти од страна на Комисијата на Агенцијата, во 3 дневни весници на 06.12.2023 година беше објавен јавен оглас.Рокот за поднесување пријави беше до 14.12.2023 година. Во определениот рок беше доставена 1 пријава за јавниот оглас за избор на директор.

13.4. 21-ви јавен состанок

Почитувајќи го принципот на транспарентно работење, во просториите на хотел Мериот беше одржан 21-ти јавен состанок[13] на Агенцијата за пошти, на кој пред чинителите во поштенскиот сектор беа презентирани реализираните активности, плановите за делување во 2024 година, како и Анализата на пазарот на поштенски услуги во Република Северна Македонија за 1-во полугодие за 2023 година.

На јавниот состанок присуствуваа претседателот на Комисијата на Агенција за пошти Борче Груевски, заменик на претседателот Суад Бајрами, членовите на Комисијата Владимир Кироски и Андреј Јосифовски, заменик на Народниот правобранител Јован Андоновски, како членови на Управниот одбор на давателот на универзалната услуга, претставници на Министерството за транспорт и врски, Собранието на Република Северна Македонија, претставници на давателите на поштенски услуги, медиумите, како и други поканети гости од институциите со кои соработува Агенцијата за пошти.

Во своето обраќање, осврнувајќи се на реализираните активности во 2023 година, директорката на Агенција за пошти, Билјана Аврамоска Ѓореска

[13] https://ap.mk/index.php/mk/informacii/javen-sostanok

истакна:„*Сумирајќи ги активностите во јубијелната година за Агенцијата за пошти може да констатирам дека на најдобар можен начин, посветено и одговорно, Агенцијата ги извршува своите законски функции и надлежности. Доказ за успешноста е скоро целосно реализација на Годишната програма за работа за 2023 година што подразбира висок степен на реализирани активности, значителен број на донесени стратешки документи, извештаи и анализи кои се однесуваат на регулирање и развој на поштенскиот пазар*“.

На јавниот состанок беше презентирана Анализата на пазарот на поштенски услуги во Република Северна Македонија за 1-во полугодие за 2023 година од страна на раководителката на Директоратот за следење и анализа на пазарот, Данијела Спасиќ Томовска. (Анализа на пазарот на поштенски услуги во Република Северна Македонија за 1-во полугодие за 2023 година ***објавена во целост на веб страната на Агенцијата за пошти***[14])

„*Агенцијата за пошти ја исцрта својата траекторија на работење со донесување на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2024 година, во која се зацртани целите кои ние како регулатор на пазарот на поштенските услуги треба да ги реализираме преку низа на активности, иницијативи и предлози. Годишната програма е во собраниска процедура и сме во очекување на нејзино донесување*“ - додаде Аврамоска Ѓореска, осврнувајќи се на идните планови и проекти кои ќе се реализираат во 2024 година.

Од страна на присутните беше изразено задоволство од успешниот јавен состанок, преку поставените прашања и плодните дискусии со кои јасно се потенцира партнерскиот, транспарентниот и инклузивен однос на Агенцијата со сите чинители во поштенскиот сектор.

[14] https://ap.mk/sites/default/files/2023-12/Statisticki%202023%20prezentacija.pdf

13.5. Слободен пристап до информации

Во четвртиот квартал до Агенцијата немаше доставени барања за пристап до информации од јавен карактер.

15 години

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ AGJENCIA E POSTAVE POSTAL AGENCY

На 10 ноември 2023 година, Агенцијата за пошти го одбележа својот јубилеј **„15 години од основање на Агенцијата за пошти“.**

На свеченоста присуствуваа потпретседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г-дин Горан Мисовски, министерот за транспорт и врски, г-дин Благој Бочварски, министерот за локална самоуправа, г-дин Ристо Пенов, пратеничката во Собранието на Република Северна Македонија, г-ѓа Моника Зајкова, членовите на Комисијата на Агенција за пошти, претставници од извршната и законодавната власт, регулаторните тела и институциите со кои соработува Агенцијата за пошти, претставници на давателите на поштенски услуги, како и други поканети гости.

Во своето поздравно обраќање, потпретседателот Мисовски истакна дека Собранието на Република Северна Македонија, има исклучителна чест да биде до Агенцијата на овој пат како основач на Агенцијата за пошти и согласно тоа и надлежен орган пред кој Агенцијата одговара за својата работа, за извршените активности и за финансиските планови *„Важно е што и покрај тоа што Агенцијата за пошти е самостојно и непрофитно правно лице кое врши работи од јавен интерес, законските функции и надлежности да рефлектираат со одговорност, објективност и јавност. Уште поважно е при регулирањето на начинот на давањето на услугите, да водите сметка да ја стекнете и да ја одржите довербата на граѓаните кои ги користат поштенските услуги. При тоа, секогаш имајќи го на ум фактот дека вие сте медиумот преку кој ги праќаат, добиваат, пренесуваат убавите желби, вредните подароци, понекогаш среќните а понекогаш тажните вести. Бидете добар чувар на таа нивна доверба и секогаш трудете се уште повеќе да ја зацврстите и да ги унапредите процесите држејќи чекор со современите текови во пазарот на поштенските услуги. Нека заштитата на корисниците на услугите ви биде секогаш на прво место, како*

додадена вредност на вашите напори за промоција на конкурентноста на пазарот на поштенски услуги. Бидете видливи, нека бидат корисниците секогаш информирани за нивните права и очекувања"– истакна потпретседателот Мисовски.

Пред присутните се обрати и министерот за транспорт и врски, г-дин. Благој Бочварски кој честитајќи го јубијелот, меѓудругото, истакна дека активно се работи на изработка на нов закон за поштенски услуги и кој се очекува да биде во владина процедура во текот на оваа година. *„Во истиот тој закон ја вградуваме и регулативата која се однесува на прекугранична достава на пакети. Нашата цел е да создадеме ефикасна и ефективна законска регулатива која сите чинители на пазарот на поштенски услуги ќе може да ги вгради за да ги обезбедат своите права и обврски на пазарот и пред граѓаните. Како Влада имаме обврска да создадеме поштенска дејност кој ќе обезбеди достапни, сигурни, ефикасни и прифатливи услуги за сите корисници, притоа ставајќи посебен акцент на иновација и развој на нови модерни поштенски услуги и сервиси, подобрување на квалитетот и употреба на нови технологии, заштита на интересите на корисниците.Токму од овие причини, би сакал да упатам апел до сите оператори да продолжат активно да работат на своите цели и стратегии, а во насока на подобрување на квалитетот, ефикасноста и пристапноста на поштенските услуги на сите граѓани*" -додаде министерот Бочварски.

Преку видео обраќање честитки за јубилејот упати и заменикот на генералниот директор на Светскиот Поштенски Сојуз, г-дин Марјан Освалд кој истакна дека *„Агенцијата за пошти е успешна институција која ги следи поштенските трендови и е присутна на меѓународните настани, додавајќи дека нема успешно општество без успешни поштенски услуги*". Линк кон видео: https://youtu.be/gHvnfllXz50

Свое излагање имаше и директорката на Агенција за пошти, г-ѓа Билјана Аврамоска Ѓореска, која за говореше за постигнувањата на Агенцијата за пошти во изминатите 15 години. *„Основната идеја за основањето на регулаторот е втемелена во првата поштенска директива на Европскиот парламент и совет од 1997 година, што значеше обврска за државата за именување национално тело за поштенскиот сектор кое ќе го регулира пазарот на поштенски услуги и тело кое ќе биде законски одделно и независно од друг државен орган и поштенските оператори. Секој период има свои предизвици, но некои имаат историска важност. Агенцијата е формирана со Законот за поштенски услуги кој е донесен на 4 јануари 2008 година. Веднаш потоа*

Собранието во февруари истата година ги избра членовите на Комисијата, а Агенцијата во Централниот регистар е запишана во јули 2008 година кога е избран и првиот Директор. На денешен ден во 2008 година Агенцијата стана оперативна со вработувањето на првите 4 службеници. Првата индивидуална дозвола за обезбедување на универзалната услуга е издадена на 12.12.2008 година на тогаш АД Македонска пошта, и беа издадени и 7 одобренија на приватни субјекти за обезбедување на поштенски услуги, од кои 5 сеуште активни и етаблирани на поштенскиот пазар.Веќе 15 години, Агенцијата за пошти стои цврсто на заложбите за одржување на кохерентен правен систем на пазарот на поштенски услуги. Денес, Агенцијата за пошти има значителен број на донесени стратешки документи, анализи кои се однесуваат на развој на поштенскиот пазар, висок степен на реализирани активности, има богата статистичка база – која е збогатена со извештаи кои ги објавуваме двати годишно и на тој начин направивме сериозен исчекор отстапувајќи од вообичаената европска практика тоа да се прави на крајот на година, се со цел да развиеме подобар систем на регулација врз основа на расположливите статистички податоци и за да создаваме соодветни политики кои ќе бидат реални и ќе се базираат на вистинската слика за поштенскиот сектор. Горди сме на постигнатите резултати и воедно спремни сме да опстоиме и да се справиме со сите идни предизвици. Продолжуваме со отпочнатите проекти и реформи во нашиот делокруг на работење, на тој начин придонесувајќи кон јакнењето на поштенскиот сектор“ – додаде директорката Аврамоска Ѓореска.

На свеченоста, директорката на Агенцијата за пошти додели:

Признание за особен придонес во градењето и работата на Агенцијата за пошти на **Собранието на Република Северна Македонија.**

Признание за успешна соработка и поддршка на работата на Агенцијата за пошти **на Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија.**

Признание за особен придонес во јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти на **Делегацијата на Европска Унија во Република Северна Македонија.**

Признание на **г-ѓа Лидија Велковска,** новинарка од **Медиумска Информативна Агенција,** за успешна соработка и афирмација на работата на Агенцијата за пошти.

Исто така директорката Аврамоска Ѓореска додели и Признанија за успешен придонес на пазарот на поштенските услуги на 5 даватели кои успешно работат и повеќе од 15 години и тоа: **АД ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, КАРГО ЕКСПРЕС БИТОЛА,ДХЛ ЕКСПРЕС МАКЕДОНИЈА, ИН ТИМЕ МК БПС и ПНЛ ТРАНСЛОГ.**

Признание за особен придонес за развојот и работата на Агенцијата за пошти, беше доделено на г-дин. Влатко Атанасоски, **првиот директор на Агенцијата за пошти,** кој од самото основање 10 години успешно раководеше со Агенцијата.

Директорката Аврамоска Ѓореска врачи Благодарници по повод 15 години од основање на Агенцијата за особен придонес за развојот и успесите на Агенцијата за пошти на сите вработени во Агенцијата за пошти.

Воедно, на свеченоста беше промовирана и **поштенска марка со мотив – „Лого на Агенцијата за пошти“**. На иницијатива на Агенцијата за пошти, АД„Пошта на Северна Македонија“ ја издаде пригодната поштенска марка. Голема благодарност до директорката Бујаре Абази, Управниот одбор и до Бирото за филателија на АД„Пошта на Северна Македонија“ кои придонесоа за изработката и издавањето на оваа марка со филателистичка вредност.

На сите гости им беа врачени Прв ден пликоата со пригодната марка на кои е аплициран поштенски жиг, со дата **„10 ноември 2023 година“.**

14. Реализација на Финансискиот План за 2023 година и состојба на побарувањата и обврските – четврт квартал

Согласно Законот за сметководство на непрофитни организации, сите уплати и исплати реализирани до 31.01.2024 година, а кои се однесуваат на 2023 година, се евидентираат како трошок и приход за 2023 година. Оттука, конечната реализација на Финансискиот план заклучно со 31.12.2023 година ќе се утврди по завршување на месец јануари 2024 година, односно со Годишната завршна сметка за 2023 година.

Извештаи до надлежни институции

Во законски рок, беа поднесени месечни извештаи за октомври, ноември и декември 2023 година преку Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските, а согласно Законот за пријавување и евиденција на обврски.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

Директорка

Билјана Аврамоска Ѓореска